Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15,5/16, 80/16, 127/16,142/16,2/17,16/17 I 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на општина Ранковце, на 4-тата седницата одржана на 25.12.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за утврдување на вредност на бодот за платите

на административни службеници за 2026 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на административни службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ранковце“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

Бр. 09-1585/6
од 25.12.2025 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Ненад Петковски

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на административни службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на административни службеници во општината се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници која ја донесува Советот.

Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.